Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 103, 3 јуни 2013 година

јуни 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области германистика и граматика, семантика, семиотика, синтакса на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..................................... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област книжевност за деца на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..................................................17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област вокално пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..................................................30

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник асистент во научна област методика на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ...................34

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област психологија на образование и воспитување на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..................................................47

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент(специјалист) за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..................................................54

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно- научната област геотектоника и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....................................................60

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум по педагогија на слободно време“ за студентите од прв циклус студии од д-р Деспина Сивевска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..................................................66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Педагогија на слободно време“ за студентите од прв циклус студии од д-р Деспина Сивевска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .................................70

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Развојна психологија“ од проф. д-р Ленче Милошева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..................................................74

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за трудот „Феноменот на финансиски кризи и импликациите врз светската економија“ од проф. д-р Ристо Фотов, м-р Влатко Пачешкоски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..................................................77

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИКОТ „РАЗВОЈНА ПСИХОЛОГИЈА“ ОД ПРОФ. Д-Р ЛЕНЧЕ МИЛОШЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, бр. 2102-420/9 од 26.10.2012 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Мирослава Николоска, редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и
– проф. д-р Иван Јерковиќ, редовен професор, Универзитет во Нови Сад, Србија,

со цел да изготви писмен извештај-рецензија на ракописот за учебникот „Развојна психологија“, поднесен од авторката проф. д-р Ленче Милошева, вонреден професор на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. По добивањето на материјалот и прегледот на ракописот за учебникот „Развојна психологија“ од проф. д-р Ленче Милошева, Комисијата во наведениот состав го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ракописот за учебникот „Развојна психологија“, поднесен од авторката д-р Ленче Милошева, вонреден професор на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ е резултат на долгогодишна научна работа во областа на развојната психологија и развојната психопатологија. Авторката искусно и професионално современо го концепирала учебникот на јасен и разбирлив јазик, поткрепен со податоци од најнови светски истражувања кои ја илустрираат и документираат тематиката. Композицијата на ракописот за предметниот учебник по обем, структура, илустрации и детален опис во целост одговара на намената за која е пишуван и слободно можеме да кажеме дека е компатибилен со најновите учебници од оваа област, и единствен во Р. Македонија.

Учебникот е наменет за студентите на студиските програми на *Факултетот за образовни науки,* за предметот Развојна психологија, со фонд на часови 3+2+2 и 8 кредити. Наставниците и воспитувачите, педагозите, социјалните педагози, знаењата и вештините кои ги добиваат од развојната психологија можат успешно да ги применуваат во воспитно-образовната работа кај децата и адолесцентите. Познавањето и разбирањето на биолошките, когнитивните, социоемоционалните процеси и промени во различни развојни периоди, со посебен акцент на детството и адолесценцијата, како и социјалниот контекст на развивање (училиште, семејство, врсници) нудат можности за практична и истражувачка применливост во образованието. Развојните промени кои се одвиваат во периодот на возрасните претставува, исто така, предизвик и можност за примена на знаењата од развојната психологија во образованието.

Учебникот е корисен и наменет и за студентите на студиските програми на *Факултетот за медицински науки*. Проучувањето на развојот на човекот низ целиот негов животен циклус е предизвик и повик за преиспитување на сознанијата за развојот не само во психолошките науки (клиничка психологија и развојна психопатологија), туку и во медицинските науки, посебно во психијатријата, неврологијата и педијатријата.

Сознанијата за психолошкиот развој на човекот, психичките промени од пренатален период до смрт се претставени како нужни и важни за разбирање на сите процеси врзани за зачувување на здравјето, создавање на патолошките процеси, справување со болеста и нејзиното значење за болниот. Опфатени се и теми од развојна невропсихологија, како и од развојна психопатологија.

Водејќи сметка за дидактичките принципи, учебникот е поделен на 11 поглавја кои се надоврзуваат едно на друго, врз основа на хронолошката поврзаност. За секое поглавје се претставени предвидените достигнувања на студентот.

Вкупниот обем на ракописот за учебникот „Развојна психологија“ изнесува 385 страници текст, со 2 табели и 79 слики (илустрации), преземени и адапатирани од најсовремени светски развојни и клинички психолози. За да се добие покомплетен впечаток во основната содржина на учебникот, како и да се потенцираат наши видувања за одредени поглавја содржани во рамките на ракописот на учебникот „Развојна психологија“, во понатамошниот преглед ние накратко ќе се задржиме на секое од поглавјата.

Учебникот започнува со првото поглавје *Вовед во развојната психологија како наука*. Овде се опфатени: перспективата на развојот на човекот низ животниот циклус; развојните процеси и периоди и суштинските проблеми на развојната психологија. Второто поглавје ги обработува *современите теории за развојот*, како и најсовремените *истражувања и методи* кои се користат во развојните науки, меѓу кои најмногу внимание се обрнува на „neuroimaging“ техниките.

Третото поглавје, насловено *Еволуциони и биолошки основи на психичкиот развој* ги објаснува основите на еволуционата психологија и биолошките основи на развојот; генетските основи на развојот, со посебен осврт на генетиката на психичките функции и абнормалностите; бихејвиоралната генетика и репродуктивните предизвици и избори.

Со четвртото поглавје, авторката започнува со детално опишување на *Психологијата на пренатален период, раѓање и постпартален период*. Овде детално е опишан пренаталниот период со сите специфики, во сите периоди на зигот, ембрион, фетус. Исто така, многу детално е опишан пренаталниот развој на централниот нервен систем и психолошките и психопатолошките аспекти на пренаталниот развој. Следи делот кој се однесува на раѓањето и постпарталниот период .

Петтото поглавје е посветено на *Психологијата на новороденчето и доенчето*. Опфатени се: физичкиот раст и развој, моторниот развој, сензорниот и перцептуалниот развој, когнитивниот развој и социоемоционалниот развој во првите две години од животот. Шестото поглавје, насловено *Психологија на рано детство*, како хронолошко продолжение, ги опфаќа: физичкиот раст и развој, когнитивниот развој, развојот на говорот, емоционалниот развој и развојот на личноста и семејството и врсниците во периодот на рано детство. Во седмото поглавје, *Психологија на средно и доцно детство,* се обработени: физичкиот раст и развој, когнитивниот развој, развојот на говорот, емоционалниот развој и развојот на личноста и семејството, училиштето и врсниците во периодот на средно и доцно детство.

Осмото поглавје е посветено на *Психологијата на адолесценција*: адолесценцијата како специфичен период, физиолошките и телесни промени, развој на мозокот, промени во когнитивното функционирање, развој на личноста и емоционален развој во адолесценција. Деветото поглавје е насловено *Развојна психопатологија*. Во него се изнесени најновите сознанија за развојната психопатологија и се претставени најчестите ментални пореметувања во детство и адолесценција.

Последните две поглавја се посветени на развојните периоди на возрасните. Во десетото поглавје насловено *Психологија на возрасни-период на рана и средна зрелост,* се опфатени карактеристиките на овие периоди, физичките, когнитивните, социо-емоционалните промени и развојот на личноста во периодот на рана и средна зрелост. Последното единаесетто поглавје е посветено на *Психологијата на стареењето-доцна зрелост,* умирање и смрт.

На крајот, уште еднаш сакаме да констатираме дека методолошкиот пристап за оформување на овој значаен учебник е исклучително професионален, ракописот ги содржи сите елементи да биде издаден како универзитетски учебник, истиот има современ тек и изобилува со многу нови информации кои се приспособени на студентските потреби од една страна, но имаат и карактер на повисок степен, со што со право можат да бидат користени и од други заинтересирани субјекти. Она што го прави посебно вреден овој учебник е и неговата оригинална и научна вредност, бидејќи секоја тема е поткрепена со најнови светски истражувања.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од досега изнесеното и образложено во рамките на оваа рецензија, Комисијата констатира дека материјалот содржан во ракописот за учебникот „Развојна психологија“ од авторката проф. д-р Ленче Милошева, како плод на долгогодишна наставна, научна и клиничка работа, ги исполнува сите потребни услови да биде издаден како универзитетски учебник. Комисијата смета дека материјалот е пишуван професионално, со јасна цел и намена, и истиот има нагласено современ карактер. Овој материјал е од раритетен карактер и ние сме убедени дека истиот ќе има позитивно влијание на развојот на областа развојна психологија. Материјалот содржан во ракописот за овој учебник ќе биде добредојден за студентите од Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“, но по својата содржина и комплексност на информациите истиот може да биде ползуван и од студентите на Факултетот за медицински науки, како и далеку поширок опсег на интересенти.

На крајот, Комисијата има посебна чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ **да го прифати позитивно оценетиот ракопис за учебникот „Развојна психологија“**, поднесен од **проф. д-р Ленче Милошева** и да отвори постапка за негово издавање во официјален универзитетски учебник. Со тоа студентите на Факултетот за образовни науки и Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ќе добијат респектабилен учебник напишан по европски и светски норми.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Мирослава Николоска, ред. професор, с.р.**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје**
**Д-р Иван Јерковиќ, ред. професор, с.р.**
**Универзитет во Нови Сад, Нови Сад**